РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-767/1
20.11 2024 год.
ВЕЛЕС



# Програма за изведување на училишна екскурзија во учебната 2024/2025 за учениците од I (прва) година при ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес

Согласно со чл.6 од Правилникот за изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (07 - 9992/3 од 05.06.2014), програмата содржи:

**1. Воспитно-образовни цели на училишната екскурзија:**

Социјализација и дружење меѓу децата, едукација и забава. Дружење, зближување и почитување помеѓу учениците надвор од училишната средина, развивање позитивни навики за соживот. Стекнување нови знаења, збогататување и продлабочување на оние што веќе ги знаат од училиште со тоа што ќе можат одблиску да се запознаат со убавините, спомениците, природниот свет и друго.

**2. Задачите на училишната екскурзија се остваруваат преку:**

- Развивање позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општокултурни ведности во Република Северна Македонија
- Запознавање на различни култури и знаменитости
- Развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Развивање чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- Формирање на позитивен однос на националните интернационалните, културните и естетски вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- Формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства

**3. Содржина на активностите**

За време на еднодневната стручно-истражувачката екскурзија ќе бидат остварени посети на релација **Велес – Тетово – Шарена џамија – Вруток – Маврово – Мавровско езеро – Лешок – Лешочки манастир – Скопје – Велес**

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Соња Савевска
Одговорни наставници: Класни раководители на I (прва) година
Учесници во екскурзијата: Учениците од I (прва) година и класните раководители
Број на ученици: 50 – 60 (проценка)

**5. Времетраење**

Еднодневна
Време на изведување на екскурзијата: мај - јуни 2025 година.

**6. Локациите за посета и правците на патување**

**Правци на патување: Велес – Тетово – Маврово – Лешок - Скопје – Велес**

Локации за посета:
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:
- поаѓање од Велес
- посета на Шарена Џамија во Тетово
- посета и разгледување на Вруток – изворите на реката Вардар
- посета и разгледување на Маврово и Мавровското езеро
- посета на Лешочки манастир
- ручек
- попатно патување низ Скопје
- пристигнување во Велес

При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатства на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

**Напомена:** Агендата може да претрпи мали измени

**7. Техничка организација**

Високо квалитетни, климатизирани безбедни патнички автобуси, добри услови за патување, локален туристички водич;
Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**8. Начин на финанасирање**

Трошоците на патувањето ги сносат родителите / старателите на учениците

**Програмата ја подготвија:**

Директор: м-р Васко Трајковски
Психолог: Катерина Ефремова
Раководител на екскурзијата: Соња Савевска
Класен раководител: Радмила Андовска
Класен раководител: Милка Петровски
Класен раководител: Горан Цветановски
Наставник: Рената Софијанова Николова